# 10 годишна гаранција на Hisense инвертер мотор

**Општи услови и одредби за гаранција на инвертер моторот кај сите модели од Hisense бела техника со инвертер мотор (машини за перење алишта, комбинирани машини за перење и сушење алишта и фрижидери)**

- За дополнително задоволство и заштита на вашиот нов Hisense апарат, покрај дадената гаранција, добивате можност и за 10 годишна гаранција на инвертер моторот кај сите Hisense апарати од категоријата бела техника со инвертер мотор под услови дефинирани подолу. Секакви барања до вашиот продавач, поврзани со договорот за купување на апаратот, ќе останат непроменети.

- Условите и одредбите за гаранција важат за сите Hisense апарати од категоријата бела техника со инвертер мотор купени во промотивниот период и користени на територијата на Република Северна Македонија.

- Продолжената гаранција на инвертер моторот важи само за Hisense апаратите од категоријата бела техника со инвертер мотор купени во промотивниот период од 01.09.2023 година до 31.12.2024 година.

- За добивање на сертификатот за гаранција, потрошувачот треба да го регистрира купениот апарат на официјалната страна mk.hisense.com. Регистрацијата мора да се изврши во рок од 30 дена од издавањето на фактурата/сметката. Доколку потрошувачот нема пристап до интернет, исто така регистрацијата може да се изврши преку центарот за поддршка на Хајсенс Горење на 02/3299-109. Со регистрација на производот, потрошувачот се согласува неговите/нејзините податоци да бидат зачувани. Откако ќе се заврши регистрацијата, сертификатот за гаранција мора да биде отпечатен. Заедно со фактурата/сметката претставува основа за спроведување на гаранцијата. Доколку апаратот се расипе за време на гаранцијата, потрошувачот мора да ги има сертификатот за гаранција и фактурата/сметката за да може да контактира овластено лице за сервис. Во спротивно, продолжената гаранција нема да биде валидна и купувачот има право на редовна гаранција од 2 години.

- Во времетраење на гаранцијата, дефектите кои се појавуваат поради материјални грешки и/или фабрички грешки треба да се отстранат.

- Гаранцијата ќе биде неважечка во случај на дефект на Hisense апаратот поради:

    - Непридржување до упатствата за употреба,
    - Поправка од страна на неовластено лице,
    - Вградување на неоргинални делови во производот
    - Несоодветно ракување со производот,
    - Штета настаната од механички удари по вина на купувачот или трето лице,
    - Елементарна непогода (поплава, громови, пожар итн.),
    - Нечистотии на термоизменувачите и/или запушени филтри,
    - Користење на апарат за бизнис и профитабилни цели.

- По поправката и замената на Hisense апаратот, деловите кои биле заменети ќе останат во наша сопственост.

- За време на продолжениот гарантен период, клиентот има право да го замени производот само ако апаратот не може да се поправи.

- Услугите извршени за време на гаранцијата, не ја продолжуваат или обновуваат гаранцијата ниту прават некакви промени во однос на периодот на гаранција, важечки за целиот производ. Секои понатамошни барања ќе бидат исклучени од овие услови и одредби.

Горење ДООЕЛ Скопје
Бул. 8ми септември бр.18 лок.10,
1000 Скопје Македонија